# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба** | **01 Декември 2016 година<br>Скопје<br>Бр.12 Год.XI** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година.....................................стр.2**
2. **Одлука за отварање на наменска сметка за донации за исплата на штета од поплава.....................................стр.4**
3. **Одлука за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ „Росица“, Ѓорче Петров – Скопје.....................................стр.6**


***Декември, 2016 година***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 01.12.2016 година.

**Број 09-3607/1**
**од 01.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоупра ("Сл.Весник на Р.М." бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Сл.Весник на Р.М." бр.64/05, 4/08, 103/08, 56/09, 95/2010, 180/2011, 171/2012 и 192/2015) и член 16 став1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст ("Сл.Гласник на општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров ("Сл.Гласник на општина Ѓорче Петров" бр. 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 57-та Седница одржана на 01.12.2016 година донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

За **2016** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаЃОРЧЕ ПЕТРОВ за 2016 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните потаставки :

| | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 2.324.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.324.000** | **0** |

и се распредуваат на следните расходни потаставки :

| | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 56.100 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 35.600 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 109.100 | 0 |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 0 | 0 | 24.800 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 22.500 | 0 |
| 423210 | Материјали за АОП | 0 | 0 | 22.500 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 55.000 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 161.200 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 22.500 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 179.500 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 99.200 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 144.400 | 0 |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 334.800 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 1.056.800 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.324.000** | **0** |

Одлуката стапува на сила од денот на објавување во "Сл.Гласник на општина Ѓорче Петров" и станува составен дел на буџетот на општината за 2016 година, а ќе се применува со внесување на измените во Министерството за финансии.

08-3547/3
01.12.2016
Скопје

Бр.

Претседател на Советот на
Општината
**ГОЦЕ ПЕТРЕСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отварање на наменска сметка за донации за исплата на штета од поплава**

Се објавува Одлуката за отварање на наменска сметка за донации за исплата на штета од поплава, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 01.12.2016 година.

**Број 09-3607/2**
**од 01.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 38 став 1 алинеа 12 и член 39 став 2 од Законот за буџети (Сл.весник на Р.М. бр.65/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/2010; 180/2011 и 171/2012), глава IV, точка 17 од Упатството за начинот на трезорско работење (Сл.весник на Р.М. бр. 161/09; 171/10 и 118/12) како и врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),Советот на општина на 57-мата на седницата одржана на ден 01.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за отворање на наменска жиро сметка за исплата на штета од поплава**

**Член 1**

Се отвора наменска жиро-сметка за префрлање на финансиски средства од Влада на Република Македонија на Општина Ѓорче Петров во износ од 6.453.460,00 денари.

**Член 2**

Средствата од жиро-сметката ќе се користат за исплата на граѓаните од Општина Ѓорче Петров за штети од поплавата која се случи на 06.08.2016 година, а согласно евиденцијата за проценета штета со која располага општината.

**Член 3**

Овластен потписник на жиро-сметката ќе биде Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Административните и стручните работи ќе ги врши Одделението за финансирање и Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила веднаш по објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3547/4**
**од 01.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ „Росица", Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ „Росица", Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 01.12.2016 година.

**Број 09-3607/3**
**од 01.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М. бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 и 27/2016) а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен весник на Р.М. бр. 51/05), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 57-тата седница одржана на ден 01.12.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за поголем број на деца во групи**
**во ЈОУДГ„Росица"-Ѓорче Петров-Скопје за 2017 година**

**Член 1**

Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, може во групите да има поголем број на деца, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста.

**Член 2**

Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, за прием на поголем број на деца во групи, потребно е да формира комисија и да утврди критериуми, согласно Законот за заштита на децата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3547/5**
**Од 01.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**